**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот БД од Д, по одржаната расправа во согласност со членовите 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 20.2.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Нотарот Б.Д. од Д, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот ОДУ бр.104/24 од 2.2.2024 година, Нотарски акт-Договор за залог над недвижен имот со својство на извршна исправа (Договор за хипотека), видно од уплатницата за уплатена судска такса, судската такса не ја уплатила истиот или најдоцна наредниот работен ден, туку на 12.2.2024 година, односно после 10 дена од денот на изготвувањето на нотарската исправа, со што постапила спротивно на членот 158 ставовите (1) и став (2) од Законот за нотаријатот, членот 51 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и член 3 од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот

на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

**Нотарска комора на РСМ**
**Дисциплински совет**
**Претседател**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;